**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Педесет и осмата седница седница на обранието на Република Македонија, одржана на 6 ноември 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Илјаз Халими, потпретседател на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Продолжуваме со работа по Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Кирил Насевски, Мирко Иванов и Вангел Симев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласаше за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Вкупно се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Процедурално бара збор господинот пратеник Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседател, дами и господа пратеници, се сомневам дека во салата се присутни 61 пратеник и барам јавно да се пребројат присутните пратеници.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, имате право да се сомневате за бројот на пратениците во салата.

Ги молам службите да проверат дали точно има 61 пратеник за да можеме да почнеме со работа.

(По пребројувањето од страна на службите)

Пратеникот Черкезов има право, забележал дека немаме кворум. Ќе чекаме уште 2 минути и мораме да ја прекинеме седницата. Тие кои се во салата ќе можат да добијат дневници, а другите тоа не ќе можат да го искористат.

(По извесно чекање)

Ги молам службите уште еднаш да проверат колку пратеници има во салата.

(По пребројувањето)

Ве молам да ги извадите картичките на сите оние што не се тука.

Ве молам притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници.

Продолжуваме со работа утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 12,25 часот)